**КОНСУЛТАТИВНАТА СРЕДБА СО ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР**
**за целите и приоритетите на ИПА ТАИБ 2013 грантовата шема „Зголемено учество на граѓанскиот сектор во реформите поврзани со интеграцијата во ЕУ",**
**одржана на 21.12.2015 година**

На 21.12.2015 година, со почеток во 10:00 часот, во просториите на ЕУ Инфо центарот на Делегацијата на Европската унија, се одржа консултативна средба со граѓанскиот сектор за целите и приоритетите на ИПА ТАИБ 2013 грантовата шема „Зголемено учество на граѓанскиот сектор во реформите поврзани со интеграцијата во Европската унија".

Консултативната средба беше организирана од страна на Одделението за ИПА и Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија. Настанот го отвори Ирена Иванова, програмски менаџер за граѓанско општество во Делегацијата на Европската унија, а за значењето на соработката на Владата со граѓанскиот сектор говореше Сашко Стефков, државен советник во Генералниот секретаријат на Владата.




Целите и приоритетите на ИПА ТАИБ 2013 грантовата шема за граѓанскиот сектор беа презентирани од страна на Сузана Никодијевиќ - Филиповска, Виш програмски службеник за ИПА Компонента I на Генералниот секретаријат, која потенцираше дека општа цел на проектот е да се зголеми учеството на граѓанскиот сектор во реформите поврзани со интеграцијата во Европската унија, преку грантови за граѓанските организации во две приоритетни области: Зголемено учество на граѓанскиот сектор во креирање на политиките и во механизмите за донесување одлуки на локално и национално ниво, вклучително и во процесите за интеграција во ЕУ и Подобрена ефикасност на одговорите на граѓанските организации на приоритетните секторски реформски процеси, како и унапреден процес на дијалог на високо ниво во областа на фундаменталните права, демократија и владеење на правото, вклучително и во процесите за интеграција во ЕУ.

На консултативната средба активно учествуваа 16 претставници од здруженија и фондации.

По презентирањето на целите и приоритетите, присутните претставници на граѓанскиот сектор развија дискусија за можоста од дополнување на предложените активности во областа на туризмот, културното наследство, поактивна улога на граѓанскиот секто во постапката на донесување закони, вклучително и во Собраниската постапка, поголема поддршка на граѓанските организации на локално ниво и предвидување на можност за регрантирање на средства во рамките на проектите.

Граѓанските организации можат дополнително да достават свои мислења и предлози на е-меил адресата на Одделението за соработка со невладини организации nvosorabotka@gs.gov.mk до 11.01.2016 година.